ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:** Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за кардиохирургија - Скопје

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметка за средства од Фондот - 737

**Цел на ревизијата:** Дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со релевантната законска регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**
- отсуство на процедури за работа и невоспоставен систем на внатрешни контроли;
- неизвршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба на средствата и обврските;
- недоследности и недоволна контрола при набавките на стоки и услуги од Јавната установа;
- недоследности во начинот на ангажирање на надворешни лица со договор на дело;
- необезбедена доволна конкуренција и недоследности при спроведувањето на дел од јавните набавки.

**Издадено мислење/заклучок*:**

Воздржување од давање мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста на финансиските трансакции со законската регулатива.

**Клучни препораки:**
- изготвување, донесување, усогласување и имплементација на интерни акти и процедури за уредување на работните процеси во Клиниката;
- утврдување на фактичката состојба на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба;
- обезбедување контрола за потврдување на приемот на испорачаните стоки, услуги и работи од Јавната установа;
- ангажирањето на надворешни лица да продолжи да се врши самостојно и во рамки на добиената согласност;
- обезбедување конкуренција, сразмерност и економично користење на средствата при спроведувањето на постапките за јавни набавки и реализација на договорите согласно договорените услови и избраната понуда.

**Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет:**
Просторот во кој што функционира Клиниката е недоволен и со нерешени имотно правни односи.

**Клучни системски слабости:**
И покрај постоењето законска обврска на Министерството за здравство за воспоставување на Национален систем за материјално-финансиско и сметководствено работење во ЈЗУ и Централен систем за регистрација на работно време за потребите на ЈЗУ, истите не се во функција.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:** Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 17-172/7 од 13.12.2021 година

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk